ФАРМАХЕМ
FARMAHEM

ИНФО

ФАРМАХЕМ, Кичевска 1, п. фах 39, 1060 Скопје; тел.: +389 (0)2 20 31 193; факс: +389 (0)2 20 31 434; farmahem@farmahem.com.mk
www.farmahem.com.mk

Информатор за понудата на Фармахем

Број 6 | декември 2012

Порака до читателите

Фармахем продолжува да ниже успеси и да го потврдува приматот на една од водечките компании од областа на лабораториската опрема и еколошкиот консалтинг во Р. Македонија. Тоа се должи на професионализмот во работењето и постојаното унапредување на квалитетот на производите и услугите што ги нудиме. Од 2012 година е активна и нашата нова интернет-страница на која можете да најдете повеќе информации за нашите најнови производи и услуги.

Секторот за еколошки консалтинг на Фармахем стана национален координатор на Програмата за зачувување на природата во Македонија во соработка со швајцарската невладина организација Helvetas Swiss Intercooperation до крајот на 2016 година, со што Фармахем уште еднаш го докажа својот квалитет.

Фармахем продолжува и со заложбата за промоција на концептот за општествено одговорно работење и одржлив развој на претпријатијата. Доказ за тоа се освоените национални признанија за општествена одговорност на претпријатијата: прва награда во категоријата „Етичко управување“ во 2010 година и втора награда во категоријата „Однос со вработените“ во 2011 година. По повод пет-годишнината од доделувањето на наградите, на Фармахем му беше доделено и посебно јубилејно признание за континуирано спроведување успешни општествено одговорни практики во периодот 2007–2011 година.

Во 2012 година, „Дијагностика Фармахем“ одбележа 15 години постоење. Постојаниот квалитет и грижата за пациентите се клучот за нашиот успех.

И во иднина продолжуваме со истата посветеност.

До видување,

Тимот на Фармахем

Дијагностика и лекови

Секторот **„Дијагностика и лекови“** опфаќа програма за лекови, дијагностички реагенси и инструменти за биохемиски лаборатории. Понудата на Фармахем целосно ги задоволува потребите на секоја медицинска, биохемиска или микробиолошка лабораторија.

Инструменти и опрема

Секторот **„Инструменти и опрема“** опфаќа програми на опрема за сите видови лаборатории: хемиски и биохемиски лаборатории, микробиолошки лаборатории, лаборатории во прехранбената и фармацевтската индустрија, лаборатории за следење на квалитетот, во контролни лаборатории за индустриско производство, лаборатории за испитување материјали во градежништвото и тн.

Реагенси и адитиви

Секторот **„Реагенси и адитиви“** има специфична програма со која се предлагаат решенија кои овозможуваат стандардизирано производство или го следат текот на процесот на производството. Дел од производите кои се нудат во оваа програма се користат за чистење, дезинфекција на опремата за производство, како и на помошната опрема и инструменти кои го следат квалитетот на производството.

Еколошки консалтинг

Една од главните определби на Фармахем е заштита на животната средина во Р. Македонија и во регионот. Во секторот кој постои 18 години се нудат комплетни консултантски услуги за проекти од областа на животната средина и природата. Лабораторијата за животна средина, која е дел од секторот за еколошки консалтинг, нуди услуги за мерење и анализа на различни параметри во животната средина според стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2006.

ВО ОВОЈ БРОЈ

2 | Фармахем продолжува со својата посветеност кон општествената одговорност
3 | Секторот за еколошки консалтинг на Фармахем - национален координатор на програмата за зачувување на природата во Македонија
4 | Фармахем активно учествува во модернизирање на јавното здравство во Р. Македонија
5 | Универзитетската клиника за пулмологија и алергологија се збогатени со два гасни анализатори
6 | Воведени нови туморски маркери на клиниката за онкологија и радиотерапија во Скопје
7 | Работилница за продлабочување на практичните знаења и унапредување на методите за HER2 CISH и HERCEP TEST™
8 | Зголемување на фондот на софистицирани инструменти во аналитичките лаборатории
9 | Milestone - нови методи приспособени на старите лабораториски потреби
10 | Далечинско тестирање на раностартувачки громобран Prevectron®2 Millenium T
11 | Термовизиска камера - новитети
12 | Определување на биохемиска потрошувачка на кислород со Oxidirect Lovibod
13 | Акредитирана лабораторија којашто успешно чекори напред во остварувањето на визијата за здрава и чиста животна средина
14 | Проширување на опсегот на акредитација на Фармахем сервис - лабораторија за калибрации и формирање база за калибрации
15 | Грижа за здравјето преку употреба на природни бои во прехранбената индустрија
16 | 15 години постоење на „Дијагностика Фармахем“

Дијагностика и лекови
стр. 4

Инструменти и опрема
стр. 8

Реагенси и адитиви
стр. 15

Еколошки консалтинг
стр. 3,13

ДИЈАГНОСТИКА ФАРМАХЕМ
СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА ДИЈАГНОСТИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА
стр. 16

ФАРМАХЕМ ПРОДОЛЖУВА СО СВОЈАТА ПОСВЕТЕНОСТ КОН ОПШТЕСТВЕНАТА ОДГОВОРНОСТ

НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИ ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНИ ПРАКТИКИ 2010 И 2011

Во последните две години, Фармахем продолжува со трендот за освојување национални награди за најдобри општествено одговорни практики во категоријата на мали и средни претпријатија. Во 2010 година, освојува прва награда во категоријата „Етичко управување“ за проектот: „Транспарентност во работењето на менаџментот и вклучување на вработените во донесувањето одлуки во компанијата“. Во 2011 година, Фармахем освои второ место во категоријата „Однос со вработените“. Наградата ја доби за проектот: „Поттикнување здрав начин на живот и љубов кон природата – по стапките на Жане“. Воедно, по повод петгодишнината од доделувањето на наградите, на Фармахем му беше доделено и посебно јубилејно признание за континуирано спроведување на успешни општествено одговорни практики 2007–2011. Исто така, добивме и благодарница во категоријата „Вложување во заедницата“ за проектот: „Користење на природни бои во кондиторските производи кои ги консумира младата популација“.

ФАРМАХЕМ - ЧЛЕНКА НА ГЛОБАЛНИОТ ДОГОВОР ВО ОН

Фармахем заедно со уште четири компании со добри општествено одговорни практики од Европа беше поканет да учествува на тркалезна маса во рамките на проектот „Градење на капацитетите на мали и средни претпријатија во областа на човековите права” којашто се одржа во седиштето на Европската Комисија во Брисел во септември 2012. Со учеството на овој настан Фармахем покажа дека ги разбира и почитува Насочувачките принципи на Обединетите нации за бизнис и човекови права.

Со оглед на активностите, постигнувањата и признанијата од областа на општествената одговорност во изминатите години, Фармахем во 2012 година се приклучи на иницијативата на Глобалниот договор на Обединетите нации. На тој начин се обврзуваме на десетте принципи на Глобалниот договор на ОН од областа на човековите права, работничките права, заштитата

на животната средина и антикорупцијата, како и секоја година да поднесуваме извештај за напредокот. Оваа година ќе го поднесеме првиот официјален извештај за општествена одговорност на Фармахем, којшто ја потврдува нашата стратешка определба и ја зацврстува нашата посветеност кон општествената одговорност.

ПРОЕКТ „МАЛИТЕ ФАРМАХЕМЧИЊА ВО ПОСЕТА НА ФАРМАХЕМ“

Фармахем ги вклучува и децата на своите вработени во проектите за општествена одговорност. Целта на овој проект е на децата на вработените да им се овозможи подобро да се запознаат и да се зближат со компанијата во којашто работат нивните родители. Посетата на Фармахем вклучуваше обиколка на сите сектори, Лабораторијата за животна средина и биохемиската лабораторија ПЗУ „Дијагностика Фармахем“. Децата низ игра, експерименти и едукација, на крајот од посетата, нацртаа цртежи со кои го илустрираме календарот на Фармахем за 2013 година. Долгорочна цел е овој проект да премине во традиција и да се организираат и посети на децата од основните училишта од локалната заедница.

Марјана Шушлевска и Александра Петровска-Горин
Лица одговорни за ООП во Фармахем

СЕКТОРОТ ЗА ЕКОЛОШКИ КОНСАЛТИНГ НА ФАРМАХЕМ – НАЦИОНАЛЕН КООРДИНАТОР НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ПРИРОДАТА ВО МАКЕДОНИЈА

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

HELVETAS Swiss Intercooperation

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Фармахем во соработка со швајцарската невладина организација Helvetas Swiss Intercooperation започна со координација на Програмата за зачувување на природата во Македонија. Оваа програма е поддржана од страна на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) и е наменета главно за поддршка на активности за зачувување на природата и локалниот развој на Брегалничкиот регион. Програмата поддржува, исто така, и интервенции на национално ниво за кои се очекува дека ќе имаат влијание врз зачувувањето на биодиверзитетот и природата воопшто. Програмата ќе ѝ помогне на Република Македонија во остварувањето на барањата на NATURA 2000, еден од условите за пристап во ЕУ.

Главната цел на Програмата е да поддржи активности за зачувување на биодиверзитетот и природните екосистеми преку промоција на нивно одржливо управување и користење. Активностите подразбираат обезбедување стратешки и плански документи коишто ќе помогнат во одржливото искористување на земјиштето при планирањето и управувањето со развојот на Брегалничкиот регион, развојот на одржливиот туризам во заштитените подрачја, како и поддршка на меѓугранични иницијативи коишто постојат во регионот, а се спроведуваат во насока на зачувување на природата.

Првата фаза од Програмата се оствари во првите три месеци од 2012 година. Во рамките на оваа фаза од спроведувањето на Програмата, тимот на Фармахем организираше средби со главните партнери: Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за просторно планирање, Центарот за развој на Источен плански регион, Општините од Брегалничкиот регион, Шумарскиот факултет – Скопје и други. Организираше и четири работилници на

национално, регионално и локално ниво, како и завршна работилница на која беа дефинирани главните цели и активности од кои произлезе и подготовката на Програмскиот документ.

По одобрувањето на Програмскиот документ од страна на SDC, започна извршувањето на втората фаза на Програмата за зачувување на природата во Македонија. Таа ќе трае четири години, односно до крајот на 2016 година, а во неа ќе се остварат активностите предвидени со овој документ.

СО ВКЛУЧУВАЊЕТО НА СЕКТОРОТ ЗА ЕКОЛОШКИ КОНСАЛТИНГ ВО КООРДИНАЦИЈАТА НА ЕДЕН ВАКОВ ДОЛГОРОЧЕН ПРОЕКТ, ФАРМАХЕМ УШТЕ ЕДНАШ ГО ДОКАЖА СВОЈОТ КВАЛИТЕТ И ЈА ПОТВРДИ СВОЈАТА ПАРОЛА „КВАЛИТЕТОТ НА УСЛУГИТЕ И ЗАДОВОЛНИТЕ КЛИЕНТИ СЕ НАШИТЕ НАЈДОБРИ РЕФЕРЕНЦИ“.

Контакт:

Марјана Шушлевска, дипл. биолог
тел.: 02/20 31 193 лок. 46
моб.: 070/27 62 97
е-пошта: eko@farmahem.com.mk

Цветан Николовски,
дипл. инж. по заштита на животната средина
тел.: 02/20 31 193, лок. 59
моб.: 072/23 62 82
е-пошта: cvetan@farmahem.com.mk

Катерина Атанасовска, дипл. биолог - еколог
тел.: 02/20 31 193 лок. 49
моб.: 071/39 39 03
е-пошта: katerina@farmahem.com.mk

ФАРМАХЕМ АКТИВНО УЧЕСТВУВА ВО МОДЕРНИЗИРАЊЕТО НА ЈАВНОТО ЗДРАВСТВО ВО Р. МАКЕДОНИЈА

BioSystems

Успешна инсталација на А15 на Универзитетската клиника за детски болести

Повеќегодишната соработка помеѓу Фармахем и шпанската фирма BioSystems успешно продолжува и во 2012 година. Покрај веќе докажаниот квалитет на реагенсите што ги нуди BioSystems, Фармахем во 2012 година ја збогатува лабораторијата на Клиниката за детски болести со уште еден анализатор, овојпат биохемискиот анализатор А15 од BioSystems на кој успешно се изработуваат и повеќе од 100 анализи за CRP дневно. Со капацитет од 150 анализи на час, покрај основните клинички биохемиски анализи, Клиниката се здоби со можност за изработка и на други турбидиметриски тестови од типот на ASO, RF, Transferin, Ferritin, C3, C4, IgG, IgA, IgM, HbA1C и др. Целосно автоматизиран, А15 претставува паметна инвестиција на секоја лабораторија како комплетно отворен систем, со голем капацитет за различен број анализи, со што се оптимизираат лабораториските можности. Минималниот волумен по анализа, малата потрошувачка на вода, како и минималното дневно одржување ги задоволува минималните трошоци на секоја лабораторија. Имајќи предвид дека сигурноста и точноста на добиените резултати треба да претставува најголема грижа на секоја биохемиска лабораторија, Фармахем нуди можност за учество во програмата PREVECAL - систем за надворешна контрола на квалитетот, со што се постигнува следење на точноста на добиените резултати и се подигнува квалитетот на лабораториjата. Во тој контекст, оваа лабораторија е првата и единствена лабораторија во Р. Македонија којашто учествува во протеинската контрола на PREVECAL, со која се испитуваат IgA, IgM, IgG, Transferrin, Ferritin, C3, C4 на меѓународно ниво.



nova biomedical

Универзитетската клиника за пулмологија и алергологија се збогати со два гасни анализатори

Во 2011 и 2012 година, на Клиниката за пулмологија и алергологија при Клиничкиот центар во Скопје, успешно беа инсталирани два нови гасни анализатори, модел pHOx, од фирмата Nova Biomedical, од кои едниот е инсталиран во амбулантскиот дел на Клиниката, а другиот анализатор е инсталиран за потребите на одделението на Клиниката. Така, на оваа Клиника се испитуваат повеќе од 60 примероци за гасни анализи дневно. Имајќи го предвид едноставното ракување со анализаторите, вработените од Клиниката се задоволни со изведбата на анализите, од бројот на изведените анализи во последната година, како и од континуитетот во испорачувањето на потрошниот материјал за нив. Со овој анализатор, покрај стандардното мени за гасни анализи (pH, pCO_2 и pO_2), вклучени се и резултати за хематокритот, хемоглобинот и кислородното заситување, со што се добива комплетна слика за функцијата на белите дробови и кислородниот статус. Лесен за ракување, целосно автоматизиран, овој анализатор е еден од најбрзите во изработката на крвните примероци и презентирањето на резултатите, со можност за архивирање на добиените податоци. Nova Biomedical Corporation претставува светски лидер во развојот на технологијата во областа на гасните и електролитните анализатори. Заедно со нив, Фармахем ги следи новите светски трендови и на најдобар можен начин придонесува за нивното инкорпорирање, со постојана едукација и комуникација со персоналот. На тој начин, Фармахем продолжува да биде, на големо задоволство, дел од секојдневието на пациентите од Клиниката за пулмологија и алергологија при Клиничкиот центар во Скопје.

Технички карактеристики на Stat Profile pHOx, Nova Biomedical:

- процесот на работа е целосно автоматизиран;
- можност по сопствена желба да се избира менито за работа;
- можност за работа со артериска, венска и капиларна крв;
- поседува вграден бројач за извршените анализи;
- инструментот ги мери следниве параметри: pH, pCO_2, pO_2, SO_2, Hct и Hb;
- времето потребно за една анализа не е повеќе од 50 до 60 s.;
- мал волумен на примерокот за анализа - 45 µL полна крв за микропанел или 70 µL полна крв за целосен панел;
- мерењето на Hb е без кооксиметар;
- електродите се менуваат индивидуално и можат да се одржуваат (замена на мембрани, кондиционирање, полирање);
- поседува течно полнење за калибрација со што се елиминираат огромните тенкови со компримиран гас, регулатори за гас, црева и навлажнувачи, интегриран систем што заменува до пет шишиња за реагенси и два гасни резервоара;
- аплицирање примерок преку капиларно цевче или шприц;
- екран на допир, вграден печатач;
- реагенсот е во едно пакување, вклучувајќи го и отпадот;
- можност за пренос на податоците преку порта PC232 и поврзување со лабораториски информативен систем; можност за надворешна контрола на квалитетот;
- брзо и едноставно користење на анализаторот, со што се зголемува безбедноста на операторот.

Продолжуваме понатаму...

Контакт:
Ана Џимревска, м-р по биолошки науки
тел.: 02/20 31 193, лок. 60
моб.: 070/33 37 09
е-пошта: anadj@farmahem.com.mk

ВОВЕДЕНИ НОВИ ТУМОРСКИ МАРКЕРИ НА КЛИНИКАТА ЗА ОНКОЛОГИЈА И РАДИОТЕРАПИЈА ВО СКОПЈЕ

Abbott Diagnostics

Во декември 2011 година беше инсталиран анализаторот Architect i1000sr на Клиниката за онкологија и радиотерапија во Скопје.

Во новиот анализатор е инкорпорирана врвна мерна техника, заснована врз хемилуминисценција, којашто заедно со врвниот квалитет на реагенсите на Abbott Laboratories гарантира секогаш точни резултати.

Придобивките од воведувањето на новиот анализатор се подеднакво значајни како за неговите корисници во лабораторијата, така и за лекарите вработени во Клиниката, во контекст на полесната дијагностика и следење на пациентите.

Ракувањето со анализаторот е далеку поедноставно, пред сè заради автоматскиот роботски систем за манипулација со примероците и реагенсите, а тоа пак овозможува континуиран пристап до нив во секое време. Во анализаторот има вграден ладилник со 25 позиции во којшто се чуваат реагенсите и нема потреба од нивно секојдневно вадење и ставање. Компјутерот преку кој се управува со анализаторот дава многу голема флексибилност во користењето на анализаторот и можност за чување на 50.000 резултати во меморијата.

Во Клиниката за онкологија и радиотерапија постои континуиран тренд на воведување нови анализи, заради подобро следење на одговорот на примената терапија кај пациентите на хемотерапија или радиотерапија. Со новиот анализатор се воведени следниве нови туморски маркери: CYFRA 21-1, HE4, ProGRP и SCC. Тимот на Abbott работи на развој на туморскиот маркер NSE и тој се очекува наскоро да биде вклучен во менито на тестови коишто може да се изработуваат на Architect i1000sr.

Комбинирањата на одредени туморски маркери се значајни како фактори за прогноза, заедно со клиничките и останатите лабораториски параметри. Така, комбинацијата на туморските маркери CEA, CYFRA 21-1, NSE, SCC и Pro GRP се користи за диференцијална дијагноза на карцином на белите дробови во однос на бенигните болести на белите дробови, но и за следење на терапијата, прогноза на болеста и помош во диференцијалната дијагноза на ситноклеточен карцином на белите дробови и неситноклеточен карцином.

Комбинацијата на туморските маркери CA125 и HE4 се користи во дијагностицирање на оваријален карцином кај асимптоматски пациентки, следење на терапијата, но и за проценка на ризикот од карцином со помош на алгоритмот ROMA (алгоритам за проценка на ризик од малигнитет).

ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИМУНОАНАЛИЗАТОРОТ ABBOTT ARCHITECT I1000SR:

- капацитет од 100 теста на час;
- може да се интегрира со биохемиски анализатор за изведување биохемиски и имунотестови на примероците;
- вграден читач на бар-кодови за примероците и реагенсите;
- број на примероци истовремено поставени на анализаторот: 65;
- примероците се стават на носачи од 5 примероци;
- напредно манипулирање со примероците што овозможува флексибилност во изработката на итни анализи, автоматско повторно тестирање на примероците и можност за изработување анализа доколку некоја друга е вон нормалниот опсег;
- 25 ладени позиции за реагенси на анализаторот;
- реагенсите се етикетирани со дводимензионални етикети за бар-кодови и обезбедуваат информација за бројот на серијата на реагенсот, калибрацискатa крива, роковите на траење заради автоматско следење;
- автоматско мешање на реагенсите во анализаторот;
- внесувањето на реагенсите во анализаторот е автоматско и може да се изведе во секое време, па дури и додека се изработуваат анализите;
- течни реагенси, подготвени за употреба;
- стабилност на реагенсите во анализаторот: 30 дена;
- честота на калибрација: по потреба/со нова серија на реагенс;
- детекција на коагулуми и меурчиња во примероците;
- се управува преку контролен систем (компјутер) преку екран што реагира на допир на прстите, тастатура и глувче;
- мрежна (on-line) помош за грешките коишто се јавуваат во текот на работењето;
- можност за поврзување во лабораториски информатички систем;
- далечинска дијагностика заради навремено откривање на проблемите;
- широко мени на тестови што вклучува: тестови за фертилитет, тироидеа, кардиолошки тестови, туморски маркери, тестови за трансплантација, тестови за следење на терапијата со лекови, тестови за анемија/метаболити, хепатитис-маркери, конгенитални тестирања и др.

Контакт:
Коча Фунду, дипл. ел. инж.
тел.: 02/20 31 193, лок. 40
моб.: 070/38 37 07
е-пошта: koca@farmahem.com.mk

РАБОТИЛНИЦА ЗА ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА ПРАКТИЧНИТЕ ЗНАЕЊА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕТОДИТЕ ЗА HER2 CISH И HERCEP TEST™

Dako

Фармахем, во соработка со Dako Данска, организираше работилница за HercepTest™ и HER2 CISH којашто се одржа од 3 до 5 декември 2012 година на Институтот за патологија при Медицинскиот факултет, Скопје. Предавач на работилницата беше Anna Mrozkowiak, специјалист за апликација од Dako, која има големо научно и практично искуство во областа на дијагностицирање рак на града.

На работилницата учествуваа стручни лица од Институтот за патологија, Универзитетската клиника за радиотерапија и онкологија при Медицинскиот факултет, Скопје, Клиничката болница „Аџибадем Систина“ и ПЗУ „Хистолаб“.

Работилницата се состоеше од изведување на постапките на HercepTest™ и HER2 CISH во лабораторија, како и интерпретација на резултатите од HercepTest™ и HER2 CISH под микроскоп од страна на патолозите.

Придобивките од оваа работилница се воведување на методата HER2 CISH во Р. Македонија и зголемување на квалитетот на обоените ткивни пресеци изведени со HercepTest™ китовите, со цел да се постигне правилно дијагностицирање рак на града и желудник.

Контакт:
Анета Мишевска, м-р фарм.
тел.: 02/20 31 193, лок. 42
моб.: 071/30 60 02
е-пошта: aneta@farmahem.com.mk

НОВО

Ogestan®
Физиолошка исхрана
пред бременост - за време на бременост - за време на доење

ПОСАКУВАТЕ ДА ИМАТЕ БЕБЕ?
Зголемете го мајчинскиот потенцијал!

ЕДНА капсула дневно!

MACANTHY LABORATOIRES

Само есенцијални состојки
Ogestan®

ВАШ НАЈДОБАР ИЗБОР ПРЕД, ЗА ВРЕМЕ И ПОСЛЕ БРЕМЕНОСТ

Најновите студии покажуваат дека додатоците во исхраната се неопходни во периодот пред забременување. Ogestan® придонесува во балансираната исхрана како за мајката така и за детето со обезбедување на комбинација од хранливи состојки кои се есенцијални во бременоста.

ЕСЕНЦИЈАЛНИ СОСТОЈКИ

ФОЛНА КИСЕЛИНА (витамин Б9)
Појавувајќи се во одредени зеленчуци, исто така во телешкиот џигер и школките, фолната киселина има клучна улога во нервниот систем. Овој витамин придонесува во правилен развој на мозокот и помага во спречување на забавениот раст.

ВИТАМИН Д3
Важен за здрави коски, витамин Д помага да се врзе калциумот. Како мајка, вам Ви е потребен за време на бременоста и доењето, а потребен е и на Вашето бебе за правилен развој на скелетот.

ЈОД
Јодот е есенцијален за правилно функционирање на тироидната жлезда и за интелектуалниот развој на Вашето бебе.

ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ: ПРАВИЛЕН РАЗВОЈ НА МЕМБРАНИТЕ

ОМЕГА 3 – богата со ДХК
Омега 3 помага во превенција на ризикот од предвремено породување. Овие масни киселини имаат улога во развојот на мозокот, ретината и клеточните мембрани.

ВИТАМИН Е
Витамин Е е витамин растворлив во масти кој ги штити клетките, ДНК и Омега 3 од оксидација предизвикана од слободни радикали.

Ogestan® обезбедува микронутриенти витални за заштита, раст и здрав развој на Вашето бебе што треба да се роди и го подобрува доењето.

Контакт:
Дејан Илиќ, доктор по стоматологија
моб.: 070/35 90 05
е-пошта: dejan@farmahem.com.mk

СВЕТСКИ ЛИДЕР НА ПОЛЕТО НА ОПТИЧКИТЕ ИНСТРУМЕНТИ

ZEISS

Најстариот германски производител на оптички инструменти и системи Carl Zeiss нуди едно сеопфатно портфолио од продукти и услуги (на пр. леќи, микроскопи и софтвер за микроскопи, оптика за воени апликации, оптички сензори, како и оперативни микроскопи), што им овозможува на офталмолозите да одговорат на барањата на експанзивно предизвикувачките здравствени услуги. Водечката технологија овозможува дијагностицирање, третман, посттретманско следење и контрола на најчестите очни болести. Покрај последната технологија, Zeiss нуди и клинички апликативни обуки, како и широк ранг на услуги и техничка поддршка, со цел да овозможи офталмолозите да ги совладаат секојдневните предизвици и да се фокусираат на најдобра грижа за пациентите. Во таа насока, инсталиран е автоматски периметар во Европската очна болница во Скопје.

Оптичката прецизност, флексибилност, како и едноставноста за користење се причините што безброј неврохируршки операции во светот секојдневно се изведуваат на микроскопите на Carl Zeiss. Овие оперативни микроскопи се дизајнирани да одговорат на високите барања коишто ги поставува неврохирургијата. Денес, благодарение на Фармахем, како овластен дистрибутер на Carl Zeiss се реализирани два големи проекта со голема важност во полето на неврохирургијата во Р. Македонија.

Инсталирани се два оперативни микроскопи од највисока класа - OPMI Pentero, еден на Клиниката за неврохирургија, во состав на Клиничкиот центар - Скопје и еден во приватната болница Ре-Медика - Скопје. На овој начин, овие два најголеми неврохируршки центри можат да одговорат на потребите на пациентите, поддржани од најсофистицирана технологија, како и од неограничена техничка поддршка од еден успешен тим.

Контакт:
Горан Карбевски
тел.: 02/20 31 193, лок. 34
моб.: 070/26 06 91
е-пошта: gorankarbevski@farmahem.com.mk

ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ФОНДОТ НА СОФИСТИЦИРАНИ ИНСТРУМЕНТИ ВО АНАЛИТИЧКИТЕ ЛАБОРАТОРИИ

Agilent Technologies

Фармахем, како претставник за Agilent Technologies во Македонија, може да биде горд што продажбата на аналитички инструменти продолжи со истото темпо во изминатите две години. Меѓу позначајните инсталирани инструменти за истакнување се:

- гасниот хроматограф, модел 7890, на Факултетот за прехранбена технологија и исхрана при Државниот универзитет во Тетово;
- гасниот хроматограф со масен детектор, модел 7890/5975C, на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје;
- QPCR, модел 3505Mx и Bioanalyser 2100, на Факултетот за ветеринарна медицина во Битола;
- течниот хроматограф со детектор DAD, модел 1260, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје;
- двата течни хроматографа со детектори DAD, FLD и RI, модел 1260, во Центарот за јавно здравје – Куманово;
- QPCR, модел 3505Mx, на Фармацевтскиот факултет во Скопје;
- двата течни хроматографа со детектори DAD, модел 1260, во Одделот за истражување и развој на АД „Алкалоид“ – Скопје.

Во меѓувреме, Agilent Technologies го збогати своето портфолио со инструменти коишто се многукратно понапредни, поселективни и поосетливи од претходната генерација. Речиси кај сите серии на масени спектрометри се објавени нови спецификации коишто се разликуваат по зголемената чувствителност, а излегоа и нови инструменти како ICPMS – QQQ, модел 8800 и GCMSD – TOF, модел 7200. Сега индуктивно спрегнатата плазма, спрегната со масена спектрометрија од типот на троен квадрупол, без никакви модификации може да ги раздвојува токсичните форми на арсен, хром и останатите елементи. Со GCMSD – TOF се постигнува брза детекција и следење на малите термостабилни молекули во лаборатории кај кои е значајна и структурата и масата на непознатите молекули. Овој инструмент е значаен за лабораториите во фармацијата, заштитата на животната околина и останатите гранки коишто се среќаваат со многу специфични анализи, коишто, пак, се многу голем предизвик за аналитичарите.

Контакт:
Зоран Настов, дипл. инж. по биологија
тел.: 02/20 31 193, лок. 33
моб.: 070/36 44 65
е-пошта: zoran@farmahem.com.mk

MILESTONE - НОВИ МЕТОДИ ПРИСПОСОБЕНИ НА СТАРИТЕ ЛАБОРАТОРИСКИ ПОТРЕБИ

Во рамките на аналитичката хемија и воопшто во аналитиката, подготовката на примерокот за да се доведе во состојба соодветна за тестирање е екстремно важен и одлучувачки процес во секоја анализа. Таков процес е микробрановата дигестија (microwave digestion), добро позната техника на растворање примероци во силни киселини под висока температура и притисок при микробранова радијација, за подоцнежно испитување и квантифицирање на тешките метали од примерокот. Овој ефикасен процес, поради својата природа (експлозивност, запалливост и др.), би бил апсолутно невозможен за изведба без соодветна опрема.

Италијанската компанија Milestone е признат индустриски лидер во светот на микробрановата технологија, со повеќе од 30 патенти и 15.000 инструменти инсталирани насекаде во светот, во истражувачки институти, универзитети и индустриски лаборатории. Нивните микробранови печки Ethos One и Start D, се совршена комбинација на највисокото ниво на технологија, коешто ги задоволува сите параметри на процесот, како и сите безбедносни стандарди, а притоа се лесни за употреба.

Целата внатрешност на печката е обложена со не'рѓосувачки челик, отпорен на корозија, со внатрешно поставен систем за следење (камера и екран), којшто во исто време овозможува и снимање на целиот процес на дигестија. Печките поседуваат уникатен систем за ослободување притисок, при што вратата останува запечатена и безбедноста е доведена до највисоко ниво. Самите печки имаат широка палета на ротори и садови коишто ги задоволуваат барањата на секоја метода.

Сите функции на печката се контролираат надворешно преку едноставен екран на допир, којшто дозволува да се зададат потребните параметри или пак да се избере еден од стоте претходно дефинирани методи. По завршувањето на процесот, податоците се зачувуваат.

Фармахем, како застапник на Milestone досега има реализирано четири успешни проекти: во Ветеринарниот институт во Бања Лука – БиХ, каде што е инсталирана печката Start D во Хидрометеоролошкиот завод во Косово; Ветеринарниот факултет во Скопје и Johnson Matthey Catalysts – Македонија, каде што се инсталирани неколку печки Ethos.

Инсталациите беа извршени од страна на стручен тим на Фармахем, по што следеше и обука на корисниците од споменатите институции.

Контакт:
Горан Карбевски
тел.: 02/20 31 193, лок. 34
моб.: 070/26 06 91
е-пошта: gorankarbevski@farmahem.com.mk

ДАЛЕЧИНСКО ТЕСТИРАЊЕ НА РАНОСТАРТУВАЧКИ ГРОМОБРАН PREVECTRON®2 MILLENIUM T

1. Активирање на тестот со далечинска контрола
2. Трепкање на LED диоди.

Indelec lightning protection

Многу често громобранските раностартувачки глави се поставуваат на високи недостапни места и за нивното тестирање е потребно да се изведе сложена и скапа интервенција. Тестирањето се врши со специјален тестер за проверка на раностартувачки громобрани.

За среќа тимот на Indelec има решение за овој проблем, а тоа е раностартувачкиот громобран со систем за далечинско тестирање - Prevectron ®2 Millenium T, којшто е во целосна согласност со францускиот стандард NFC 17-102.

Овој систем овозможува далечинска проверка на исправноста на уредот за генерирање нагорен трасер. Тестирањето се врши со далечински управувач од земја или од друго место, како на пример тераса од објектот, на максимално растојание до 50 m. Тестирањето се врши со користење радио сигнал со точно определена фреквенција.

По завршување на тестот, резултатот се прикажува со светнување на LED-диодите коишто се наоѓаат на долниот челичен дел од раностартувачкиот громобран, како што е прикажано на горната слика.

Во овој систем за тестирање на раностартувачкиот громобран, струјното коло на громобранот и системот за тестирање се независни, со што се овозможува сигурна работа на двата независни уреда.

Системот за тестирање се напојува од батерии со висок капацитет коишто овозможуваат беспрекорна работа, без разлика на временските услови (влага, големи температурни разлики итн.). Батеријата се напојува (обновува) со фотонапонски панел којшто е поставен под раностартувачкиот громобран и овозможува непрекинатост во работата најмалку 5 години. За овој систем за тестирање не е потребно дополнително механичко зголемување на јачината на јарболот, поради тоа што неговата тежина изнесува само 1 kg.

Indelec нуди на пазарот три типа на раностартувачки громобрани со ваков систем за далечинско тестирање S 3.40T – S 4.50T – S 6.60T, со следниве радиуси на заштита:

Protection radius

	h (m)	2	3	4	5	10
Protection Level I:	S 6.60T	31	47	63	79	79
	S 4.50T	27	41	55	68	69
	S 3.40T	23	35	46	58	59
Protection Level II:	h (m)	2	3	4	5	10
	S 6.60T	34	52	68	86	88
	S 4.50T	30	45	60	76	77
	S 3.40T	26	39	52	65	67
Protection Level III:	h (m)	2	3	4	5	10
	S 6.60T	39	58	78	97	99
	S 4.50T	34	52	69	86	88
	S 3.40T	30	45	60	75	77
Protection Level IV:	h (m)	2	3	4	5	10
	S 6.60T	43	64	85	107	109
	S 4.50T	38	57	76	95	98
	S 3.40T	33	50	67	84	87

Како заклучок може да се наведе дека овој систем е одличен за проверка на раностартувачките громобрани со минимална теренска работа и гарантира максимална сигурност и безбедност од атмосферски празнења.

Контакт:
Данијел Ребац, дипл. маш. инж.
тел.: 02/20 31 193, лок. 43
моб.: 070/22 62 21
е-пошта: danijel@farmahem.com.mk

ТЕРМОВИЗИСКА КАМЕРА – НОВИТЕТИ

НОВИТЕТ БР. 1

Testo 875i, Testo 885, Testo 890

Testo 875i – модел што ви овозможува влез во термографијата како професионалец

Овој инструмент брзо и ефикасно детектира аномалии и слабости во структурата на материјалот. Бесконтактно се детектираат загубите на енергија и т.н. ладни мостови, како и оштетувањата поради прегревање на компоненти во индустриските системи. Битни технички карактеристики на инструментот се:

- големина на детекторот 160*120 пиксели;
- со аплицирање на суперрезолуција се добива слика со 320*240 пиксели;
- термална осетливост < 50 mK;
- вградена реална камера со блиц од моќни LED-диоди;
- заменливи леќи;
- режим на работа за детектирање области каде што може да се појави мувла;
- мерење до температура од 550 °C

Testo 885 – тип „камкордер“ и модел за професионална, искусна и прецизна термографија

Професионален мерен инструмент, со висока прецизност за детекција на аномалии и оштетувања на градби на ниво на карабина или внатрешен простор, којшто притоа дава можност за преземање определен акционен план за отстранување на недостатоците. Протекувањето во внатрешноста на објектот може ефикасно и лесно да се детектира, без каква било дополнителна инсталација за тоа. Има мноштво на корисни функционалности како: ротирање на екранот, панорама-асистент и автофокус, коишто придонесуваат за брзи теренски проверки, како и детални консултации и професионални извештаи. Битни технички карактеристики на инструментот се:

- големина на детекторот 320*240 пиксели;
- со аплицирање на суперрезолуција се добива слика со 640*480 пиксели;
- термална осетливост < 30 mK;
- заменливи леќи;
- режим на работа за детектирање области каде што може да се појави мувла;
- мерење до температура од 1200 °C;
- функција - панорама-асистент;
- функција – технологија на препознавање локација;
- флексибилност благодарејќи на ротирачкиот екран за приказ.

Testo 890 – тип „камкордер“ и модел за професионална термографија по врвни стандарди

Благодарејќи на високиот квалитет на инфрацрвениот мерен систем со 640*480 пиксели на детекторот, термалните слики може да се снимат со квалитет од 1290*960 пиксели со користење технологија на суперрезолуција. Ова значи дека дури и електронски компоненти или далечни објекти може да бидат снимени со најдобар квалитет на сликата и врвна резолуција. Дури и термални процеси можат прецизно да бидат анализирани во определено време, со користење на можноста за снимање видео со комплетна радиометриска анализа.

Битни технички карактеристики на инструментот се:

- големина на детекторот 640*480 пиксели;
- со аплицирање суперрезолуција се добива слика со 1280*960 пиксели;
- термална осетливост < 40mK;
- заменливи леќи;
- режим на работа за детектирање области каде што може да се појави мувла;
- мерење до температура од 1200 °C;
- функција - панорама-асистент;
- функција - технологија на препознавање локација;
- флексибилност благодарејќи на ротирачкиот екран за приказ;
- функција - снимање видео со комплетна радиометриска анализа.

НОВИТЕТ БР. 2

Дополнителна опција со надградба: Testo Super Resolution

Со оваа дополнителна опција се подобрува квалитетот на инфрацрвената слика, за најмалку една класа. Тоа значи:

- четири пати повеќе мерни вредности и геометриска резолуција на инфрацрвената слика подобра за фактор 1,6 или мегапиксел квалитет и слики со висока резолуција;
- екстремно ниска вредност за термална осетливост < 40 mK и доверливост во мерењата.

Функцијата се овозможува софтверски преку IRSoft Testo во менито со додавање инсталациски код. Кодот се нарачува и се добива со документ за инсталација (истиот не е бесплатен). По внесувањето на кодот, во основното мени на камерата се појавува линија со која може да се аплицира користењето на функцијата суперрезолуција којашто претходно не била достапна.

Како се постигнува суперрезолуција?

Технологијата го користи придвижувањето на раката и притоа се прават повеќе слики во многу краток временски период, па со користењето на SR алгоритам, се прави пресметка што дава четирикратно повеќе мерни вредности и поголема резолуција на термалната слика. Оваа функција не се користи кога уредот е поставен на трипод. Суперрезолуцијата нема ефект врз реалната слика.

Контакт:
Данијел Ребац, дипл. маш. инж.
тел.: 02/20 31 193, лок. 43
моб.: 070/22 62 21
е-пошта: danijel@farmahem.com.mk

ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БИОХЕМИСКА ПОТРОШУВАЧКА НА КИСЛОРОД СО OXIDIRECT LOVIBOND

Високиот стандард на живеење вклучува голема побарувачка на вода и во исто време предизвикува многу поголемо загадување. За да се спречи заканата од можна опасност по здравјето, од суштинско значење е да се утврди квалитетот на водата. Во тој контекст биохемиската потрошувачка на кислород (БПК) е исклучително значајна анализа која дава информација за загадувањето на водата. За потсетување, БПК претставува количина на растворен кислород која микроорганизмите ја трошат за разградување на органските материи кои се наоѓаат во водата за одредено време. Се смета дека за 20 дена се оксидира 95–99% од првобитно присутната органска материја, но од практична гледна точка стандардно се испитува $БПК_5$ со време на инкубација од 5 дена на температура од 20 °C при што се оксидира 60–70% од првобитно присутната органска материја.

Системот на Lovibond за мерење на БПК OxiDirect го врши мерењето по манометриска метода. Системот се состои од: мерна единица со шест мерни места, шест сензори за притисок, шест шишиња за анализа, систем за мешање со единица за напојување, шест магнетни прачки за мешање на примерокот, шест дихтунзи, две колби за мерење од 428 mL и 157 mL, 45% раствор калиум хидроксид 50 mL и инхибитор за нитрификација 50 mL.

ПРЕДНОСТИ НА МАНОМЕТРИСКАТА МЕТОДА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БПК СО OXIDIRECT

- Едноставна метода за анализа на БПК;
- Точен и директен приказ на вредностите на БПК во mg/L;
- Избор на период на мерење од 1до 28 дена;
- Автоматско чување на БПК вредностите;
- Мерен опсег од 0–40 mg/L до 0–4000 mg/L;
- Автоматско стартување на мерењето по достигнувањето на определена температура на примероците;
- Индуктивен систем за мешање со автоматско повторно центрирање на магнетите;
- RS 232 кабел за поврзување со компјутер.

ПРИМЕНА:

- Анализа на отпадни води;
- Аналитички лаборатории;
- Истражувачки центри;
- Универзитети.

Лабораторија за испитување на подземни и површински води во ЈП Дрисла - Скопје

Од ноември оваа година Лабораторијата за испитување на подземни и површински води во ЈП Дрисла врши испитување на БПК на водите од овој локалитет и водите во Маркова река со системот OxiDirect.

Контакт:
Соња Милошевска, дипл. инж. технолог
тел.: 02/20 31 193, лок. 44
моб.: 071/39 39 05
е-пошта: sonja@farmahem.com.mk

АКРЕДИТИРАНА ЛАБОРАТОРИЈА КОЈАШТО УСПЕШНО ЧЕКОРИ НАПРЕД ВО ОСТВАРУВАЊЕТО НА ВИЗИЈАТА ЗА ЗДРАВА И ЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА

ПРВА МОБИЛНА ЛАБОРАТОРИЈА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ВО Р. МАКЕДОНИЈА

ВО ЈУНИ 2012 ГОДИНА, ФАРМАХЕМ ЈА ПУШТИ ВО ФУНКЦИЈА ПРВАТА МОБИЛНА ЛАБОРАТОРИЈА ВО Р. МАКЕДОНИЈА НАМЕНЕТА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА АМБИЕНТЕН ВОЗДУХ, БУЧАВА И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ ВОДА. МОБИЛНАТА ЛАБОРАТОРИЈА Е ОПРЕМЕНА СО ИНСТРУМЕНТИ КОИШТО ОВОЗМОЖУВААТ СЛЕДЕЊЕ НА МЕРНИТЕ ПАРАМЕТРИ: ЈАГЛЕРОД МОНОКСИД, СУЛФУР ДИОКСИД, АЗОТНИ ОКСИДИ, ОЗОН, ПРАШИНА $PM_{10,}$ $PM_{2,5}$, МЕТЕОРОЛОШКИТЕ ПАРАМЕТРИ И ОСНОВНИТЕ ФИЗИЧКО-ХЕМИСКИ ПАРАМЕТРИ НА ВОДАТА.

ЕЛАБОРАТ ЗА НИВО НА БУЧАВА, КВАЛИТЕТ НА АМБИЕНТЕН ВОЗДУХ И НЕЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ ЗА ГРАД СКОПЈЕ

Во периодот јули–октомври 2012 година, тимот на Фармахем, предводен од Лабораторијата за животна средина изработи „Елаборат за ниво на бучава, квалитет на амбиентен воздух и нејонизирачко зрачење“ финансиран од Град Скопје.

Предмет на истражување во проектот беа нивото на бучава, квалитетот на амбиентниот воздух (јаглерод моноксид, сулфур диоксид, азотни оксиди, озон и прашина $PM_{10,}$ $PM_{2,5}$) и нејонизирачкото зрачење (РФ електромагнетно зрачење, магнетно поле и електрично поле). Експертскиот тим на Фармахем работеше според референтни методи, согласно со барањата наведени во европското и македонското законодавство. Следењето на квалитетот на амбиентниот воздух, бучавата и нејонизирачкото зрачење беше извршено на карактеристични локации. Од податоците добиени од следењето на квалитетот на амбиентниот воздух е изработен визуелен модел на дисперзија на полутантите. Предмет на следењето на бучавата беше патниот сообраќај и врз база на обработените податоци е направен обид за мапирање на дел од сообраќајниците. Предмет на истражувањето на нејонизирачко зрачење беа антенските системи за мобилна телефонија, енергетските кабли и далноводи.

Елаборатот треба да постави основа за идна изработка на вакви и/или слични проекти не само на локално, туку и на регионално и национално ниво коишто ќе помогнат во следењето на состојбата на животната средина и преземање на потребните мерки и активности за редуцирање на негативните влијанија од различни извори врз животната средина.

ПРОЕКТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИНДУСТРИСКИТЕ ОТПАДНИ ВОДИ

За потребите на АД „Млекара Битола“, во периодот јуни–јули 2012 година, тимот на Фармахем, предводен од Лабораторијата за животна средина, изврши следење на отпадните води. Следењето на отпадни води се состоеше од земање и анализа на часовни и целодневни композитни примероци. Извештајот што произлезе од ова следење треба да послужи за подготовка на идеен проект за пречистителна станица за третман на отпадните води во АД „Млекара Битола“.

УЧЕСТВО НА IV КОНГРЕС НА ЕКОЛОЗИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

Во периодот од 12 до 15 октомври 2012 година, Лабораторијата за животна средина на Фармахем активно учествуваше на IV Конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество, со научен труд под наслов „Влијанието на бучава предизвикана од угостителски објекти во урбаното подрачје на Град Скопје“, што го привлече вниманието на присутните и на медиумите.

Во трудот беа обработени резултатите добиени во период од четири години, со мерења извршени во повеќе угостителски објекти, оценка на оправданоста на поплаките на граѓаните од бучава, со примена на македонското и европското законодавство.

Контакт:

Маријан Лакс, дипл. инж. за заштита на животната средина
моб.: 070/27 27 87

Даниел Стефановски, дипл. инж. по хемија
моб.: 071/39 39 04

Јулијана Димзова, дипл. инж. технолог
моб.: 071/39 39 06
тел.: 02/20 50 648
е-пошта: ekolab@farmahem.com.mk

ПРОШИРУВАЊЕ НА ОПСЕГОТ НА АКРЕДИТАЦИЈА НА ФАРМАХЕМ СЕРВИС - ЛАБОРАТОРИЈА ЗА КАЛИБРАЦИИ И ФОРМИРАЊЕ БАЗА ЗА КАЛИБРАЦИИ

Во јуни 2011 година, Фармахем Сервис – Лабораторија за калибрации (ФСЛК) изврши проширување на опсегот на акредитација за калибрации на ваги до 40 kg. Калибрацијата се извршува со калибрирани еталонски тегови од класите E2 и F1, според Euramet/cg-18/v.03.

При калибрација на терен и според барањата на корисниците, персоналот на Фармахем Сервис – Лабораторија за калибрации, увиде дека корисниците имаат потреба од извршување калибрации на мерилата за температура на терен и на повисоки температурни точки од досегашниот опсег на акредитација. Поради извршување на примарната цел на ФСЛК – задоволни корисници, во јули 2011 година, се набавени два блок-калибратори и секундарен еталон SPRT од производителот FLUKE, а во октомври истата година е проширен опсегот на акредитација за калибрација на терен и во лабораторија до 660 °C.

Поради побрза комуникација со корисниците при калибрација на мерилата, ФСЛК направи база за калибрации достапна на **http://servis.kmsoft.com.mk/**, каде што корисниците можат да се пријават, да ги внесат инструментите коишто треба да се калибрираат (сериски број, инвентарен број и локација) и да ја најават калибрацијата со избор на точките за калибрација. Корисникот ќе може да следи кога ќе започне процесот на калибрација и кога тој ќе биде завршен. Сертификатот за калибрација потоа се испраќа на корисникот во pdf-формат.

Целта на Фармахем Сервис – Лабороратоија за калибрации е сите услуги за калибрации коишто им се потребни на корисниците да може да се извршат во ФСЛК. Во таа насока се планира и проширувањето на опсегот на акредитација.

Контакт:
Зоран Ѓуровски, дипл. ел. инж.
тел.: 02/20 39 642
моб.: 070/36 44 69
е-пошта: servis@farmahem.com.mk

CHR. HANSEN

ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО ПРЕКУ УПОТРЕБА НА ПРИРОДНИ БОИ ВО ПРЕХРАНБЕНАТА ИНДУСТРИЈА

Без Е-број, едноставно поврзување со природата

Во Р. Македонија регулативата за природни бои стапи на сила на 2 март 2012 година („Службен весник на РМ“ бр. 31), каде што стои дека при декларирањето храна и пијалаци во кои има синтетски азо-бои (tartrazine (E102), quinoline yellow (E104), sunset yellow (E110), carmoisine (E122), ponceau 4R (E124) и allura red (E129)), потребно е да се нагласи дека тие бои **„може да имаат неповолен ефект на активноста и вниманието кај децата“**.

Фармахем е претставник на данската компанија за додатоци во исхраната **Chr. Hansen**, којашто нуди и палета на природни нијанси **FruitMax™.** Тие наоѓаат примена во пијалаците, овошните преработки, млечните производи, сладоледите и кондиторската индустрија. Тоа е големо количество пигменти, селективно обработени од овошје, зеленчук, зачини и растенија, коишто ги исполнуваат строгите барања применети за храна што боии.

Кога ЕУ ја донесе регулативата за означување на штетните синтетски бои во храната, Фармахем ја согледа важноста од употребата на природните бои и со таа цел од 2008 година па до денес, преку стручни лица во Секторот за реагенси и адитиви, континуирано се спроведуваат активности за промовирање на важноста од нивната употреба и со тоа подигнување на свеста меѓу производителите на храна и пијалаци во Р. Македонија. Во таа насока, за примена на овие бои, Фармахем им нуди на производителите т.н. решение по мерка (customized solution).

Контакт:
Мери Илиеска, дипл. инж. техн.
тел.: 02/20 31 193, лок. 32
моб.: 070/33 72 80
е-пошта: meri@farmahem.com.mk

15 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ НА „ДИЈАГНОСТИКА ФАРМАХЕМ“

Во јануари 2012 година се навршија 15 години од постоењето на „Дијагностика Фармахем“. Јубилејот беше одбележан во рамките на стручниот состанок на Здружението на доктори по медицина специјалисти по медицинска биохемија. Фотини Калфадопулу (Sysmex, Грција) одржа предавање на тема: „Клиничка примена на новите параметри – хематолошки анализатори на Sysmex”, а „Дијагностика Фармахем“, со куса презентација, ги информира присутните гости за развојот на лабораторијата во изминативе 15 години. Потоа следуваше коктел по повод јубилејот во ресторанот „Воденица“, на кој над стоте присутни гости и соработници имаа можност за меѓусебно дружење.

„Дијагностика Фармахем“ е прва приватна специјалистичка биохемиска лабораторија во Република Македонија, основана во 1997 година од д-р Јосиф Таневски. Почетоците беа скромни, но максималната посветеност и професионалност на стручниот тим придонесуваа да расте довербата на пациентите кон „Дијагностика Фармахем“. Исто така, постојано се инвестира во нова опрема и кадар, па денес „Дијагностика Фармахем“ е една од водечките лаборатории во нашата земја. Двете лаборатории, во населбите Ѓорче Петров и Аеродром, се опремени со најсовремена апаратура, а анализите ги изработува високостручен тим од 12 вработени. Од 2010 година, во лабораториите е воведен системот за надворешна контрола на квалитетот од областа на биохемијата PREVECAL, а од 2011 година се спроведува и надворешна контрола на квалитетот во хематологијата од Sysmex.

ПОСТОЈАНИОТ КВАЛИТЕТ И ГРИЖАТА ЗА ПАЦИЕНТИТЕ – КЛУЧ ЗА УСПЕШНОТО 15-ГОДИШНО ПОСТОЕЊЕ!

ПРОДОЛЖУВАМЕ ПОНАТАМУ!

ДИЈАГНОСТИКА ФАРМАХЕМ
СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА ДИЈАГНОСТИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА

ПРВА ПРИВАТНА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА ДИЈАГНОСТИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА ОСНОВАНА 1997 ГОДИНА.

Нашата лабораторија Ви нуди:



- изработка на над 1000 различни биохемиски параметри;
- стручен тим со висока професионалност;
- работа со најсовремена апаратура и опрема;
- строга контрола и висока точност на резултатите;
- изработка на анализите со мали количини крв;
- можност за изработка на итни анализи во рок од 30 минути;
- земање материјал и во домашни услови;
- пакет на анализи со пониски цени;
- резултатите можат да се добијат по факс и електронска пошта;
- бесплатна консултација лично или на телефон, со доктор-специјалист по медицинска биохемија.

ДИЈАГНОСТИКА ФАРМАХЕМ ЈА ЗАСТАПУВА НАЈГОЛЕМАТА ЕВРОПСКА ЛАБОРАТОРИЈА „PASTEUR CERBA” ОД ПАРИЗ ВО КОЈА СЕ ИЗВЕДУВААТ НАД 3000 РАЗЛИЧНИ АНАЛИЗИ.

Покрај рутинските основни анализи ги работиме и следните специфични анализи:

- анализа на хормони;
- инфективни заболувања;
- хемостаза;
- тумор - маркери;
- автоимуни - маркери;
- маркери за остеопороза;
- алергени, витамини, минерали, тешки метали;
- квантитативна детекција на наркотици;
- концентрација на лекови во крв;
- рана дијагностика на пренатални нарушувања;
- испитување на подносливост кон аспирин и плавикс.

Населба Ѓорче Петров

02 / 20 31 905
lab@farmahem.com.mk
ул. 4 Јули бр. 2/3
Ѓорче Петров, 1060 Скопје

Населба Аеродром



02 / 24 03 355
lab@farmahem.com.mk
бул. Јане Сандански бр. 65
1000 Скопје

РАБОТИМЕ СО СИНИ КАРТОНИ

Кога сакате да бидете сигурни, посетете ги нашите лаборатории!

Design: Koma Lab.